# Службен весник на Република Македонија

**Број 171** **1 октомври 2015, четврток** **година LXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4771. | **Правилник** за содржината на Договорот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост........................................ | 2 |
| 4772. | **Оглас** за избор на членови на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија ....... | 2 |
| 4773. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија ....................................................... | 2 |
| 4774. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија....................................................... | 2 |
| 4775. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија....................................................... | 3 |
| 4776. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија ....................................................... | 3 |
| 4777. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија ....................................................... | 3 |
| 4778. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија ....................................................... | 3 |
| 4779. | **Одлука** за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија ....................................................... | 4 |
| 4780. | **Одлука** за престанување на Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија ....................................................... | 4 |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-44** |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**4771.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (“Службен весник на Република Македонија” бр.87/13, 106/13, 137/13, 61/15 и 97/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на договорот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост.

Член 2

Договорот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост содржи:

- површина на земјоделското земјиште во државна сопственост што се продава;
- катастарски податоци содржани во имотниот лист;
- состојба во која се наоѓа земјиштето (под култура или не);
- одредби со кои се утврдува дека земјоделското земјиште во државна сопственост кое е предмет на продажба не смее да се продава, да се разменува со друго земјоделско земјиште и не смее да се пренамenува во градежно земјиште во период од осум години од денот на склучувањето на договорот за продажба;
- продажна цена;
- начин на плаќање;
- услови и постапка за раскинување на договорот;
- услови и постапка за ништовност на договорот и
- други одредби согласно Законот за облигациони односи.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 22-9895/3 | Министер за земјоделство, |
| 29 септември 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4772.**

Врз основа на член 52 став 1 и 2 од Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија („Службен весник на РМ“ бр.20/2015), Судскиот совет на Република Македонија, објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА И ТОА:**

- два члена од редот на пензионирани универзитетски професори на Правен факултет на универзитетите во РМ.

На огласот може да се пријави секој кој на денот на објавување на огласот ги исполнува условите од член 6 став 1 алинеја 3 од Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија („Службен весник на РМ“ бр. 20/2015).

Кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Судскиот совет на Република Македонија.

Кон пријавата кандидатите поднесуваат:

- потврда за стаж;
- биографски податоци за стручниот и професионалниот развој и
- податоци за учество во стручна и професионална едукација.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите од член 6 став 1 алинеја 3 од Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 11 од истиот закон.

Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-1693/1 | Судски совет |
| 30 септември 2015 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Бранко Ушковски,** с.р. |

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4773.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ЕВН ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул.Маршал Тито бр.33/4 Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија УП1 бр.07-4 од 28.06.2010 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-55.09.1/10 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ“ бр.85/10).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| УП1 Бр. 07-4 | |
| 24 септември 2015 година | Претседател, |
| Скопје | **Димитар Петров,** с.р. |

**4774.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ЕГЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Карпошево Востание бр.4/2-3 Скопје, со сегашен назив: Друштвото за производство, трговија и услуги АКСПО МК ДООЕЛ Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија бр.02-2882/1 од 21.12.2009 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-45.09.1/09 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ" бр. 153/09).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-13/14
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**4775.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија и услуги РЕТИА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр.98 Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија УП1 бр.07-33 од 12.10.2010 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-60.09.1/10 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ" бр.136/10).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-33
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**4776.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16 и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКО ТРАНСБАЛКАН ДООЕЛ експорт импорт Скопје со седиште на ул. Маршал Тито бр.53/1 Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија бр.02-2381/1 од 25.10.2009 година со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-39.09.1/09 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија а објавена во („Службен весник на РМ" бр.130/09).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-128/15
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**4777.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги РОУ И РИФАЈНД КОМОДИТИС ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.18 Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија бр.02-834/1 од 05.05.2010 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-50.09.1/10 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ" бр.64/10).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-129/15
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**4778.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија со електрична енергија РУДНАП ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Моша Пијаде бизнис-центар Соравија, кат 4, Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија бр.02-2883/1 од 21.12.2009 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-46.09.1/09 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ“ бр.153/09).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-130/15
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**4779.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија и услуги КОРЛЕА ДОО Скопје со седиште на ул.Мито Хаџивасилев Јасмин бр.36/3-3 Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија бр.02-2593/1 од 20.11.2009 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-42.09.1/09 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ“ бр.141/09).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-131/15
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**4780.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 192 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14 и 33/15) на седницата одржана на 24.9.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија со електрична енергија ЕЗПАДА ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.22-8 Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија бр.02-2383/1 од 26.10.2009 година, со евидентен број на издадена лиценца ЕЕ-43.09.1/09 донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а објавена во („Службен весник на РМ“ бр.130/09).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-132/15
24 септември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА PE OFFICIAL GAZETTE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015171